# Последниот контингент со билети за „Златна бубамара“ ќе биде пуштен во продажба на 31 јануари

За сите оние пријатели на добрата забава и чистиот воздух, кои не успеаа или не беа информирани за продажбата на билетите за „Златна Бубамара на популарноста 2018“, стигна известување дека во среда, на 31 јануари, во он-лајн продажба преку МКтикетс.мк, во точно 12.33 минути, ќе се пушти во продажба последниот контингент билети, а во исто време ќе биде отворена и продажбата и во Југотон ГТЦ, каде ќе бидат оставени билети за сите традиционални купувачи.